

# „Октомврискиот салон“ за емоциите во современата уметност

*Дневен весник (Ед. бр. 23862)*

## ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

24.09.2016 13:15

58



Весна Дамчевска
vesna.d@novamakedonija.com.mk
Повеќе од овој автор

**Македонското перформанс-дуо „Ефемерки“ ќе настапи в сабота во аудиториумот на Белградскиот културен центар, во блок-предавање со кустосот Дејвид Елиот и со графичкиот дизајнер Џонатан Барнбрук, познат по деценискaта соработка со Дејвид Боуви**

„Ефемерки“, перформанс-дуото составено од уметниците Јасна Димитровска и Драгана Заревска, ќе биде дел од годинашниот 56. „Октомвриски салон“ во Белград со нивниот последен перформанс „Контекстер против Дискурзор“. Делото премиерно се изведе минатата година во галерија „Шкуц“ во Љубљана.

- Перформансот е во формат на псевдопредавање со придружни перформативни елементи, и ја проблематизира амбивалентноста на позицијата на моќ на оние што ја критикуваат моќта, а тоа се најчесто луѓето од светот на уметноста и академијата - велат авторките.

Ликовната манифестација „Октомвриски салон“ од оваа година е биенално случување, а кустос на поставката е Дејвид Елиот од Велика Британија, кој работел како директор на Музејот на модерната во Стокхолм од 1994 до 2001, а бил и уметнички директор на Сиднејското биенале, Кичевското биенале, Музејот на современа уметност во Истанбул, „Токио мори музеј“ и други. Тема на манифестацијата е „Љубовен занес“, а акцентот е ставен на тоа дека емоциите во рамки на современата уметност се табуизирани и редовно прикривани со знаење.

„Ефемерки“ ќе настапат во сабота во аудиториумот на Белградскиот културен центар, во блок-предавање со кустосот Дејвид Елиот и со графичкиот дизајнер Џонатан Барнбрук, познат по деценисклата соработка со Дејвид Боуви.
За годинашното издание на изложбата се избрани делата на 67 уметници од 26 земји. Темата се емоциите во современата уметност и начините на кои може да се доловат, а тоа да не биде кич или баналност.

- Насловот „Љубовен занес“ е преземен од песната што во 1784 г. ја компонирал Жан Пол Егид Мартини, а заснована е на поемата на Жан Пјер Кларис де Флоријан, една од жртвите на теророт на Француската револуција. Стиховите од оваа песна го доловуваат патетичниот парадокс на секојдневието што е присутен и денес - изјави кустосот Дејвид Елиот.
Октомврискиот салон претставува панорама на современата уметност произлезена пред сè од емоциите, истражувајќи ја нејзината положба во општествено-политичкиот контекст и спротивставувајќи ги хуманите и естетските вредности на моќта и контролата.

- За време на селекцијата на уметниците спонтано се искристализираа неколку поттеми што се однесуваат на односите на феноменот на филмот и манипулацијата со емоциите, идејата за рамнотежата - како на човекот кон природата, така и во поглед на односот во општеството, како и темата на телото, личноста, идентитетот, сексуалноста, темата на блискоста во семејството или меѓу пријателите што се покажа како многу важна за уметниците. Овие четири извори на емоции се многу важни за изложбата. И покрај насловот на изложбата не треба да се очекува дека меѓу делата ќе има мека порнографија - вели Елиот во пресрет на отворањето на поставката.

Свеченото отворање ќе биде во знакот на перформансот со наслов „Секира“ на Незакет Екиџи од Турција.
Октомвриски салон е основан во 1960 г. како локална ревијална изложба, а низ годините се трансформира во меѓународна манифестација на современата уметност со изразит авторски карактер. Кустос на изложбата во 2004 година беше и нашиот историчар на уметност, Небојша Вилиќ.

---

t f 🐦 S +

**КЛУЧНИ ЗБОРОВИ**

„Ефемерки“ | Јасна Димитровска | Драгана Заревска | „Октомвриски салон“ | Белград

**КОМЕНТАРИ**

Име:

Е-пошта:

Наслов на коментарот:

☐ Објави анонимно

(Кога ќе биде објавен коментарот, нема да биде прикажано името)

Остави коментар

Внеси коментар

**ПОВЕЌЕ ОД РУБРИКА**

Изложба на Горан Боев во Кавадарци

Почнува Галичката ликовна колонија

Делата на Тамара Забазноска во „Флукс-галерија“

Изложбата „Состојби“ од Славица Јанешлиева во Прилеп

Скулптури на Слободан Милошески во Кичево

„Континуум“ на Игор Јосифов во Кичево